РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-2397/4
31-12-2024

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 12-та седница одржана на ден 24.12.2024 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот со број 12-2397/1 од 11.09.2024 година, оформен по пријава со наводи за сомневање за вршење на незаконски дејствија од лицето ------------------------, како вработено лице на работното, место државен советник за финансиски прашања во ---------------------------------------------------- на Република Северна Македонија, **СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК утврди, дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување, поради тоа што постапил друг надлежен орган во конкретниот случај.

Предметот со број 12-2397/1 од 11.09.2024 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### О б р а з л о ж е н и е

Државната комисија за спречување на корупцијата постапува по предмет оформен по пријава заведена под бр.12-2397/1 од 11.09.2024 година, во која се изнесени наводи за сомневање за незаконски дејствија од страна на -----------------------, распореден на работното место Државен советник за финансиски прашања во -----------------------------------------на РСМ. Имено, подносителот во пријавата наведува дека споменатото лице во време кога било распоредено на работното место Раководител на ---------------------------------------Охрид, по негово барање а без соодветна потребна документација, бил оформен предмет со бр.---------------/------- во Одделнието за катастар на недвижности-------- и побарал бришење на запишана катност на етажот од неговата куќа подрум+приземје+кат1 и да се запише со катност приземје+кат1+кат2.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Освен горенавденото, подносителот во пријавата наведува дека лицето ------------------, е распореден на работното место Државен советник за финансиски прашања во ------------------------------- на РСМ во Скопје, но работните задачи ги извршува како раководител во Одделението за ------------------------------- – ------------.

Во насока на утврдување на фактичката состојба по предметот, Државната комисија се обрати со барање за доставување на податоци до Агенција за катастар на недвижности на РСМ.

На 08.10.2024 година, Агенцијата за катастар на недвижности на РСМ, достави одговор со прилог документација до ДКСК.
По разгледување на доставената документација, ДКСК ја констатира следната фактичка состојба: Одделението за катастар на недвижности------------ оформил предмет со број ---------------/2021, постапувајќи по Барање за исправка на грешка во катастарот на недвижности за КО ---------, поднесно од лицето ---------------- од ----------- на 01.12.2021 година. Подносителот побарал да се изврши проверка на катност на објектот кој се наоѓа на КП------------ запишан во ИЛ ------- КО -------------, односно да се корегира согласно Пописниот лист и Проектот со тех.број.-----/---- од Заводот за урбанизам и архитектура---------. Одделението за катастар на недвижности ---------, врз основа на член 209 став 3 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на РСМ“ бр.55/2013), издал Потврда за отстранување на грешка во катастарот на недвижности по пријава на странка. Во Потврдата е образложено дека е извршена исправка на грешка направена со предмет УПбр.дн.------/--------- за ПЛ.бр.------- при систематско запишување на права, кога и покрај прибраните податоци за фактичката состојба на објектот, како и приложената градежна техничка документација, направена е промена на катност на објектот и истиот наместо со утврдена висина од ПР+2 се запишува со висина од ПО+ПР+К1. Имено, видно од податоците од приложената градежно техничка документација-проект со тех.бр.-------/-----, како и прибраните податоци на лице место за висината на објектот, се констатира дека истиот е со висина од приземје и два ката, поради што се изврши бараната исправка на грешка, односно наведениот објект поставен на КП.бр.---------- КО ----------, се запишува со висина од приземје и два ката.

На 02.10.2024 година, до Секторот за контрола и надзор при Агенцијата за катастар на недвижности Скопје, доставена е претставка заведена под УПП број ------------/------, во која се наведува дека Одделението за катастар на недвижности ----------, со пред број -------------/--------спротивно на одредбите од Законот за катастар на недвижности, извршило промена на податоците во Ил --------КО----------. Постапувајќи по претставката, Секторот извршил увид во прилозите кон предмет со број----------------/-------, при што констатирал дека предмет на барањето било корекција на катноста на зградата 1 на КП---------- запишан во

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

ИЛ --------- КО ----------- во согласност од Пописниот лист од предметот од систематско излагање. Врз основа на приложениот проект со тех.бр.-----/---- се извршила промена на податоците во лист В од попишен лист -------, односно внатрешна корисна површина и катноста на етажите е усогласена со проектираната состојба од проектот. По извршената промена во пописниот лист запишани се Подрум+Приземје+Кат1 од Приземје+Кат1+Кат2. Со предмет -------------/------- спротивно на наводите од приложениот Проект со технички број ------/----- од Заводот за урбанизам и архитектура---------, во постапката на систематско запишување се врши промена на катност на објектот, односно кат подрум се запишува како приземје, кат приземје како Кат1 и Кат1 како Кат2. Пропустот направен со предмет ------/------- немало можност да се исправи во согласност со одредбите од Законот за катастар на недвижности, поради што Одделението за катастар на недвижности ---------- било потребно согласно член 209 став 6 од Законот за катастар на недвижности, да прибележи постоење на грешка.
Во врска со горенаведеното, на 03.10.2024 година Агенцијата за катастар на недвижности-Одделение за катастар на недвижности ------------, издал Потврда за исправка на грешка во катастарот на недвижности за КО ---------, постапувајќи по пријава поднесена по службена должност, заведена под број -------------/------- од 02.10.2024. Органот во Потврдата образложува дека извршено е запишување прибелешка-констатирана грешка во ИЛ бр.----------- КО ------------, согласно член 209 став 3 од Законот за катастар на недвижности.

Имајќи го во предвид горенаведеното, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување, поради тоа што постапил друг надлежен орган по пријавените наводи и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Татјана Димитровска**

Изготвил: м-р Ф.Ј.,советник
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: С.Д., Член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk